**20203004126**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2020 година.

Бр. 08-4530/1
16 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 и 275/19), во член 28 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за материјално необезбедено се смета домаќинство чија вкупна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во месецот пред поднесување на барањето за остварување на правото на гарантирана минимална помош и во месецот пред тековниот месец на користењето на правото е пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош, согласно со членот 29 од овој закон. “.

Член 2

Во член 30 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), носителот на правото е должен да извести за промената на бројната состојба на домаќинството и имотната состојба за себе и сите членови во домаќинството која влијае на користење на правото на гарантирана минимална помош, во рок од 30 дена сметано од настанувањето на промената, до надлежниот центар за социјална работа.“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 3

Во член 33 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 алинеи 5 и 6 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), право на гарантирана минимална помош може да оствари домаќинство во кое член на домаќинството е избришан од евиденцијата на невработени лица заради нередовно пријавување или на кој работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос.“.

Член 4

Во член 34 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), корисникот од ставот 1 на овој член, не е должен да се евидентира како невработено лице во надлежниот центар за вработување. “.

Член 5

Во член 40 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 алинеи 3 и 5 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), правото на гарантирана минимална помош не престанува ако член на домаќинство не се пријави во надлежниот центар за вработување и редовно не ги исполнува обврските за евидентирање согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност или работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос.“.

Член 6

Во член 42 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), домаќинство кое користи гарантирана минимална помош, остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и за месеците од април до септември.“.

Член 7

Во член 272 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од ставот 2 на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), подносителот на барањето, односно неговиот законски застапник или старател е должен надлежниот центар за социјална работа да го извести писмено или по електронски пат, за секоја промена на фактите или околностите кои влијаат на користење на правото и биле основа за признавање на правото од социјална заштита, најдоцна во рок од 30 дена од денот кога настанале тие промени.“.

Ставот 3 станува став 4.

Член 8

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2021 година.